( Образец ПП)

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Komisioni Shtetëror i Vendimmarrjes në Procedurë Administrative dhe në Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallën e Dytë
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 15.09.2023 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 1005 | 722/1 | | |

заведено 18.09.2023

Арх. знак Shenja arkivore
Рок на чување Afati i ruajtjes
20 год./Viti
Потпис/Nënshkrimi

**До: Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**
**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Почитувани, моето име е [redacted] ви пишувам во врска со поднесена жалба по пошта до вашата институција од ден 27.04.2023 година, а во врска со Решение, број 19-15355/1-1018 од 13.01.2023 година на Министерството за образование, со кое што се одбива барањето на ученичката [redacted](моја ќерка) со бр. 213415, поднесено на 11.11.2022 година, за доделување стипендија за ученици кои ќе се запишат во паралелки во стручно образование во кои ќе се реализира практично образование со зголемен број на часови, согласно програмите за стручно образование од јавните средни училишта во Република Северна Македонија за учебната 2022/2023 година.

Согласно одредбата од член 56-а од Законот за ученички стандард е предвидено дека против решението на МОН со кое се одлучува за стипендија, може да се покрене жалбена постапка до Државната комисија за одлучување во управна постапка, во рок од 15 дена од приемот на решението. Како што веќе појаснивме во нашата жалба, согласно одредбата од член 77, став 1 од Законот за општа управна постапка, Министерството имало обврска да ни го достави решението со препорачана пошта, затоа што се работи за правна работа, каде што остварувањето на правните интереси на странките е врзано со конкретен рок. Во нашиот случај, решението е доставено на посреден начин, оставено во поштенско сандаче на странката. Во член 81, став 1 од Законот за општа управна постапка за ситуации на посредна достава предвидува дека решението ќе се смета за примено, после истекот на три дена од датумот кога документот бил оставен во поштенското сандаче. Овој начин на достава на решението од страна на Министерството за образование, значително го отежнува остварувањето на правото на жалба на странката, затоа што го усложнува процесот на утврдување на точниот момент на уредна достава и прием на решението, нешто што се надеваме дека било утврдено од вашата институција со допис до Министерството за образование. Решението нам ни беше доставено на домашна адреса во нашето поштенско сандаче на ден 12.04.2023 година, а на пликот не е наведен датум од кој што е испратен.

Ние сметаме дека нашето жалбено барање е уредно доставено во законскиот рок и очекуваме дека Државната комисијата утврдила дека нашата

жалба е допуштена, навремена и изјавена од овластено лице.

1. Значи нашето прво прашање е дали Државната комисија го има примено нашето жалбено барање, дали има **констатирано дека се работи за допуштена, навремена жалба и жалба изјавена од овластено лице, како што е предвидено согласно член 109, став 1 од Законот за општа управна постапка?**

2. Доколку е така, не интересира дали нашата **жалба е евидентирана во деловодната евиденција на Државната комисија и е испратена на органот кој решавал во прв степен (Министерството за образование), во рок од 3 дена од приемот, согласно член 11, став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на државната комисија?**

3. Доколку е формиран предмет, дали **истиот е доставен на соодветна организациона единица на стручната служба која се занимава со определената област од надлежноста на Комисијата?** *Кое е името на стручниот државен службеник на кој му е доделен предметот во работа и ја води претходната постапка?* Кои подaтоци и известувања ги има соберено во врска со жалбата и дали тоа го има сторено во рој од 5 работни дена од кога му е доделен предметот на работа?

4. Дали во текот на претходната постапка, **членот на Комисијата и државниот службеник ги имаат повикано одговорните лица од Министерството за образование** (затоа што очигледно нас не немате контактирано), **за да дадат објаснување за значајни прашања во врска со предметот**, како што се прашањата за начинот на достава на решение, односно зошто бил доставен документот на посреден начин, а не со препорачана пошта? Истотака, дали имате побарано известување од одговорните лица во МОН, зошто ги нема разгледано приложените документи (меѓу кои и свидетелство за завршена прва година образование од бараниот профил) со кои што се докажува исполнетост на условите за доделување на стипендија?

5. Дали Комисијата **има подготвено нацрт на решение или заклучоци пред одлучувањето на седница? Доколку има, дали може да ни бидат доставени на увид истите, како што е предвидено во член 14 од Деловникот за работа?**

6. Согласно одредбите од законот и деловникот, за седницата се води записник, кој што треба да содржи податоци како подносител на жалба, орган кој решавал, датум на жалба, барање, правен основ и фактичка состојба, подготовки за предметот, спорни правни и фактички прашања, време и место на седница, пристуни членови, дневен ред, заклучок за секоја точка на дневен ред. Нашето прашање **е дали е одржана седница каде што е одржано советување и гласање за нашето предметно барање**?

7. Согласно член 8, став 6 од Законот за основање на државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен е предвидено дека Државната комисија одлучува во рок од 2 месева од денот на предавањето на жалбата. Со оглед на тоа дека жалбеното барање го испративме на ден 27.04.2023 година**, целта на ова**

**барање е да добиеме информација кога би можеле да очекуваме да добиеме решение во врска со нашиот предмет**? Нормално, доколку Комисијата веќе има постапувано по истиот и одговори позитивно на некој од претходните прашања, со задоволство ќе почекаме да добиеме официјално известување со Решението.

**П.С.** Ние сме свесни дека вие имате голем обем на работа, а воедно беше период на годишни одмори и можеби активностите на Комисијата не беа со вообичаено темпо, како во другите временски периоди, меѓутоа се надевам дека ќе може да ја сфатите и нашата грижа и интерес.
**Прво,** сакаме да го знаеме исходот од нашата жалба, дали е постапувано по истата, кога потенцијално би можеле да имаме одговор.
**Второ,** се работи за стипендија за учебната 2022/2023 година, која што веќе заврши и на праг сме на нова учебна година, па може да разберете зошто сме посебно заинтересирани да добиеме одговор и разрешница на нашиот проблем.
**Трето,** овде се работи за правна работа за временскиот период од кога првично имаме аплицирано за стипендија (а тоа е ноември 2022 година), па имаше 2месечен временски период на одлучување по истиот, па имаше 2 месечен временски период за достава на решението и сега имаме скоро 4 месечен период на одлучување по жалба. Ќе се согласите дека ова е прилично долг временски период за одлучување за конкретна работа, особено ако земеме во предвид дека се работи за прашање за финансиска поддршка на младите, нешто што би требало да биде приоритет на нашата државна политика, особено ако сакаме истите тие да останат и понатаму да живеат, студираат и работат во нашата држава. Во конкретниот случај, се работи за ученичка запишана во програма за средно стручно образование, каде што меѓудругите предмети се изучуваат и предметите Административно право и Управно процесно право. Таа се надева дека тоа што го учат теоретски на часови, ќе може некогаш да и користи во пракса и дека не е исклучиво "мртво слово на хартија," како што е општата претстава на повеќето луѓе (особено младите) во нашата држава.
**Со оглед на тоа дека се работи за повеќе прашања и пишаниот одговор би претпоставувал доста време и ангажман, ние апсолутно би биле задоволни и доколку бидеме удостоени со телефонски разговор, каде што би добиле информации за поставените прашања.**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

**- а) увид**
- б) препис
**- в) фотокопија**
**- г) електронски запис**
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

**- а) по пошта**
**- б) телефон**
- в) факс

- **г) е-маил**
- д) друго ____________________________________________
  (се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Кочани, 15.09.2023 година .** ____________________________________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

26.09. 2023 година

**Архивски број:** 1005-722/2

**До:** [redacted]

**Предмет: Известување**

Почитуван,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен на ден 15.09.2023 година и заведено со наш број 1005-722/1, Ве известуваме за следново:

Барањето кое Вие го имате доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен не може да се третира како барање од јавен карактер и по истото да се постапува согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РСМ " бр.101/19).

Во Вашиот случај се работи за барање од личен карактер и поради тоа Ве упатуваме да се обратите со писмен поднесок до Државната комисија во кој ќе го наведете Вашето барање.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ДАНИЦА ЧАДИЕВА**

*Изготвил:Наталија С. Филипова*


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk